Општина Охрид

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица за локална самоуправа
Бр. 08-3609/1
13.04 2021 год.
ОХРИД

Врз основа на член 36 и 48 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр. 5/02) и член 18, 26 и 74 од Статутот на Општина Охрид, а во врска со јавниот повик за членови на Иницијативен одбор за организација и оддржување на Локално младинско собрание на општина Охрид број 08-3029/1 од 26.03.2021 година, Претседателот на Совет на општина Охрид, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на иницијативен одбор**

1. Се формира иницијативен одбор за организација и оддржување на Локално младинско собрание на општина Охрид. Иницијативниот одбор ќе работи во следниот состав:
   - **Јован Цветкоски – Претседател ( Претставник на ЗГ НАТГ„Аматер„ – Охрид;**
   - **Теа Петковска – Член (Претставник на ЗГ Акцијашки клуб „Брег на младоста„ – Охрид;**
   - **Димитар Поп-Стефанија – Член (Претставник на ЕК „Пират„- Охрид);**
   - **Даниела Букреска – Член (Претставник на политичка партија СДСМ – Охрид)**
   - **Александар Здравевски – Член (Претставник на политичка партија ВМРО ДПМНЕ – Охрид)**
2. Иницијативниот одбор се формира само за оддржување на конститутивната седница на локалното собрание на млади. Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивната седница на локалното собрание на млади, во кој јасно е наведен датумот, местото и часот на оддржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади и учествува во целокупната постапка за негова организација. За претседател на Иницијативниот одбор е назначен најстариот член на иницијативниот одбор кој доаѓа од редот на младинските организации;
3. Иницијативниот одбор при својата работа е должен да ги почитува: Законот за младинско учество и младински политики објавен во Служен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година и Статутот на општина Охрид;
4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување;

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна има право на тужба во рок од 30 дена од приемот до Управниот суд;

Доставено до:
- Членовите на Иницијативниот одбор;
- Одделение за млади и НВО
-Архива.

**Општина Охрид**
**Претседател на Совет**
**Живка Ангелоска**

Република Северна Македонија Совет на општина Охрид ОХРИД

Scanned with CamScanner